Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 28.03.2022

На 27.03.2022 во 14.05 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода И.С.(40) од Струмица. При претрес на возило „ауди" со струмички регистарски ознаки, сопственост на И.С., била пронајдена марихуана. А при претрес на неговиот дом извршен со судска наредба биле пронајдени пари во различни валути. По целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.03.2022 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Н.Ш.(56) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување на кражба од угостителски објект во Прилеп. Одземените предмети бил пронајдени и вратени на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.03.2022 околу 10.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 52-годишниот Ќ.З. од тетовско Рогле, поради сомнение дека во атарот на ова село, во месноста „Ареонит", извршил кражба на дрва во шума во приватна сопственост. При лишувањето кај него биле пронајдени и одземени моторна пила, исечени дрва и други алатки, кои биле предадени на Шумска полиција. Се расчистува случајот и по целосно документирање на Ќ.З. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 27.03.2022 во 10.50 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода И.О.(21) од Скопје, затоа што при контрола било констатирано дека е на стоп-листа во службената евиденција по телеграма од Сектор за меѓународна полициска соработка - Одделение за потраги, поради постоење основи на сомнение дека е извршител на кривично дело „разбојништво" по член 237 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 27.03.2022 во 13.00 часот на Граничниот премин - Аеродром „Св.Апостол Павле" во Охрид, при извршена пасошка контрола, било констатирано дека патните исправи и британските визи на Ј.О.(31) и Ј.Ј.(23), двајката од Република Турција, биле фалсификувани. Со нив бил извршен службен разговор и било утврдено дека визите ги набавиле преку турска агенција за што платиле повеќе од 500 фунти. Тие биле приведени и предадени на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Запад за понатамошна постапка.

На 27.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контрола биле констатирани 60 прекршоци, од кои 39 надвор од населено место и 21 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 4 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол и 5 за непропишано паркирање.

На 27.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 58 возачи, од кои 7 на територија на Ресен, 11 на територија на Битола, 32 санкции на територија на Прилеп, 3 на територија на Македонски Брод и 5 санкции во Демир Хисар.

На 27.03.2022 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Вера Радосавлевиќ", мопед „пиаџо", со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Т.(50) од Скопје, излетал надвор од коловозот. Во несреќата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје.

На 27.03.2022 во Прилеп, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп го лишиле од слобода Х.Р.(26) од Прилеп. За Х.Р. била распишана потерница по наредба од Основен суд Прилеп, по чл.215 од Кривичниот законик за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори и истиот бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Битола.

На 27.03.2022 околу 23.30 часот во с.Јажинце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење со жива стока", полициски службеници од полициска станица за граничен надзор Рогачево ги лишиле од слобода Л.З.(47), Л.Ш.(48), Л.А.(61) и А.Ц.(35), сите од Косово, кои биле и без документи за лична идентификација. Тие биле задржани во СВР Тетово за понатамошна постапка, а пронајденот добиток бил одземен. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.03.2022, полициски службеници од ОВР Делчево, во содејство со службени лица од Шумска полиција, извршиле контрола на подрачјето на Делчево за откривање на незаконски дејствија поврзани со вршење на кривични дела „кражби" и „пустошење на шуми". Притоа, од И.Ш.(57) од Делчево одземена е кола натоварена со бесправно исечени огревни дрва, а од А.Ф.(46) од Делчево одземен е трактор натоварен со бесправно исечени огревни дрва. Одземените предмети се предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка.

Денеска (28.03.2022) во 10.10 часот било пријавено дека на крстосница од ул.„Ѓорче Петров" со ул.„Сарај", во близина на мостот Сарај, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Б.(52) од с.Љубин, скопско и патничко возило „шкода октавија", сопственост на МВР, управувано од Љ.С.(51) од Охрид. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „шкода", С.С.(46) од Охрид, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен е увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.03.2022, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода Џ.О.(38) од Штип. Тој се сомничи дека одзел предмети од фабрика во светиниколско. Од него бил одземен предмет за кој постои сомнение дека е повржан со кривичното дело. По целосно комплетирање на случајот против Џ.О. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.03.2022 околу 18.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека во с.Режановце, кумановско, настанал пожар во куќа сопственост на Д.С.(34). Куќата целосно изгорела, а од пожарот Д.С. се здобил со повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Куманово

На 27.03.2022 околу 22.00 часот во дворно место на В.Ѓ. во село Раклиш, радовишко, полициски службеници од Полициската станица Радовиш пронашле моторно возило „голф", со штипски регистарски ознаки, натоварено со бесправно исечени дабови огревни дрва, како и други огревни дрва оставени во дворното место кои, исто така, биле без соодветна документација. Дрвата и возилата биле предадени на вработени во Шумска полиција Радовиш.

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на Куманово изречени се вкупно 83 мерки, меѓу кои за управување возило со брзина поголема од дозволената 59 санкции и 24 санкции за управување возило под дејство на алкохол.

Денеска (28.03.2022) од 07.00 до 12.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спроведе акциска контрола на тетовско-гостиварското подрачје за непропишно престигнување, во која вкупно биле откриени и соодветно санкционирани 46 возачи (ТЕ-24 и ГВ-22). При контролата, исто така, сакционирани се и 27 други видови прекршоци (ТЕ-15 и ГВ-12).

На 28.03.2022 во 04.40 часот во СВР Скопје на ул.„533" во с.Марино, општина Илинден настанал пожар во пластичен контејнер за рециклирање на отпад, кој зафатил три возила: „фолксваген голф", сопственост на И.П.(36) од Скопје, „хјундаи",сопственост на К.П.(36) од с.Марино, двете со скопски регистарски ознаки, и „даеву матиз", со тетовски регистарски ознаки, сопственост на И.Ј.(38) од с.Марино. Пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Повредени лица нема, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.03.2022 во 16.50 часот на бензиска пумпа на подрачје на Ѓорче Петров, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода М.Ј. (30) од Скопје, затоа што околу 16.00 часот, по претходна расправија, со тврд предмет ги нападнал А.Ш.(49) од с.Бојане и И.С.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.03.2022 во 03.20 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.И.(26) од Скопје пријавил дека околу 02.30 часот на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат со тврд предмет од С.Г. и Т.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.03.2022 во 18.30 часот во Полициската станица Центар, М.Х.(18) од Скопје пријавил дека на 24.03.2022 околу 23.30 часот тој, О.Ј. и Х.М. на плоштад „Македонија" биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.03.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека настанал пожар над с.Присојници, при што била зафатена сува трева, високостебленста шума и куќа на Ѓ.К.. Повредени лица нема. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Струга пожарот бил изгаснат. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Струга.

На 27.03.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, А.Г.(24) пријавил дека околу 01.40 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, тој, К.И. и Џ.Ш. биле физички нападнати со тврди и остри предмети од М.Б., М.Г., А.К. и уште три лица, кои му го оштетиле и неговото патничко моторно возило „бмв", со кичевски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во периодот од 21.03.2022 до 27.03.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на неисполнување на пропишаните услови во однос на затемнувањето на стаклата на возилата. При контролата санкционирани се 44 ученици во сообраќајот. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 27.03.2022 во 21.10 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Т.(56) од Скопје пријавил дека околу 20.45 часот забележал лица кои извршиле кражба од неговата водурнска просторија. Според пријавеното, тој успеал да ги стигне, по што му го вратиле одземениот предмет, а еден од нив физички го нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.03.2022 во 16.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека настанал пожар на излез од Струга, при што била зафатена сува трева и две хаварисани возила во плац на автосервис. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Струга пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Денеска (28.03.2022) во периодот од 07.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непропишно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 169 возачи. Од нив, по 46 на територијата на СВР Охрид и СВР Тетово, 19 на територија на СВР Куманово, 16 возачи непропишно престигнувале на територијата на СВР Велес...

На 27.03.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Е.А.(30) од с.Буковиќ, скопско, пријавил дека на 26.03.2022 околу 19.45 часот, по претходно недоразбирање во сообраќајот на автопатот Тетово – Скопје, пет лица му се заканиле, а двајца од них имале огнено оружје. По преземени мерки било утврдено дека станува збор за лицата Ф.Р.(44), А.А.(38), Д.Н.(41), Н.С.(28) и Д.Д.(48), сите од Гостивар и сите вработени во МВР. За настанот бил известен Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.03.2022 во 22.10 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Фрањо Клуз" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.